*Кон овој број*

# 60 броја *Годишен зборник* – 60 години македонска научна мисла

Дали и поради што ни се значајни јубилеите? Годишнината на еден значаен историски настан или личност за нас луѓето претставува еден вид точка на ослонец во времето, поглед на изминатиот пат и причина за преиспитување до каде сме стигнале. Јубилеите ни даваат можност да го согледаме она што ни го оставиле нашите претци, генерациите што живееле и твореле пред нас, пред нашата генерација која го чествува јубилејот. Јубилејот е настан кој го поттикнува нашето себеразбирање и не инспирира за нови подвизи.

Пред нас е 60 број на *Годишен зборник*. Публикација, која пред 60 години, почна да ја издава Филозофскиот факултет во Скопје. 60 броја *Годишен зборник* – 60 години македонска научна мисла. Публикација без која македонската наука и научна мисла ќе беше далеку посиромашна. Смело тврдење? Секако. Претерано. Никако, бидејќи одбележувањето на јубилеј на нешто што постои 60 години, се чита, се разменува со други научни институции и опстанува толку долго, значи потврда за еден квалитет кој го ценат многумина.

*Годишниот зборник е прва* научна публикација на Филозофскиот факултет и *прво* научно списание од таков вид по ослободувањето на Македонија. Во него се публикуваат научни и стручни прилози на наставниците и соработниците на Филозофскиот Факултет. Оваа публикација, во изминативе 60 години, игра исклучително значајна улога во презентирањето на научната и стручната работа на многу генерации наставници и соработници на Филозофскиот факултет, не само во рамките на нашата држава, туку и на поишроки меѓународни простори.

До одвојувањето на природно-математичкиот факултет од Филозофскиот, во сега далечната 1958 година, Годишниот зборник излегува со два тома годишно, при што во едниот се објавуваат трудови на наставниците и соработниците на филозофско-филолошкиот факултет, а во вториот, од тогашниот природно математички оддел. По

одвојувањето и осамостојувањето на Филолошкиот факултет, во 1974 година, Годишниот зборник продолжува да излегува исклучиво како публикција на Филозофскиот факултет. Од 1975 година, во оваа публикација се објавуваат исклучиво трудови од областите кои се изучуваат на Филозофскиот факултет: филозофија, педагогија, историја, класични студии, историја на уметност со археологија, социологија, одбрамбени и мировни студии, дефектологија, хуманистички студии и дефендологија. Во периодот на излегување на Годишниот зборник како публикација на Филозофскиот факултет (1975-2007) објавени се вкупно 737 стручни и научни прилози од сите области кои се изучуваат на Факултетот (види: табеларен преглед). Покрај научните и стручните трудови од наведените области, во Годишниот зборник се објавуваат и прикази на книги на автори од Филозофскиот факултет објавени во тековната година.

Во текот на изминатите 60 години, челеновите на сите досегашни Реадакциски одбори, постојано правеле напори да ги следат современите токови на научно-издавачката дејност со цел да се подобри квалитетот на научните и стручните трудови, за да се одржи стекантото реноме и углед на оваа публикација. Тие напори, секогаш биле поткрепени со потполно разбирање и одобрување од страна на наставниците, соработниците и од деканското раководство. Впрочем, излегувањето на публикација од ваков вид во толку долг временски период, 60 години, не би била можна без активно учество на сите чинители во процесот на научно-истражувачката дејност.

Честитајќи Ви го овој значаен јубилеј, посакуваме оваа значајна публикација да продолжи успешно да излегува и во наредните 60 години.

Скопје, декември 2007 година

Редакциски одбор
Претседател,
*Проф. д-р Владимир Давчев*

# Табеларен преглед на научни студии и прилози на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет објавени во Годишниот зборник за период од 1975-2007 година

| Годините | Филозофија | Педагогија | Социологија | Психологија | Историја | Историја на уметноста и | Класични студии | Одбрамбени и мировни студии | Социјална работа и социјална политика | Дефектологија | Катедра по хуманистички студии | Катедра по дефендологија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1975 | 1 | | | | 7 | 2 | 1 | | | | | | 11 |
| 1976 | 1 | | | | 7 | 3 | 1 | | | | | | 12 |
| 1977 | 1 | | | | 6 | 3 | 1 | | | | | | 11 |
| 1978 | 1 | 2 | 3 | 1 | 12 | 3 | 1 | | | | | | 23 |
| 1979/80 | | | 3 | 2 | 6 | 5 | 1 | | | | 2 | | 19 |
| 1981 | | | 1 | 2 | 2 | 5 | | 1 | | | | | 11 |
| 1982 | 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | | | | | | | | 14 |
| 1983 | 5 | | 6 | 2 | 3 | | | | | | 2 | | 18 |
| 1984 | | | 5 | 3 | 2 | 3 | 2 | | 1 | | | | 16 |
| 1985 | 2 | | 10 | 2 | 4 | 4 | | | | | | | 22 |
| 1986 | 5 | 6 | 4 | 2 | 5 | 1 | 3 | | | | 4 | 1 | 31 |
| 1987 | | 1 | 2 | 3 | 1 | 5 | | | | | 1 | 1 | 14 |
| 1988/9 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 5 | | 1 | | | | | 16 |
| 1990/91 | 2 | 1 | 5 | 2 | 6 | 2 | 1 | | | | 1 | | 20 |
| 1992 | 2 | 4 | 5 | | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | | | | 23 |
| 1993 | 1 | 2 | 3 | 2 | 6 | 3 | 1 | 3 | 2 | | 1 | | 24 |
| 1994 | 3 | 8 | | 5 | 2 | | 3 | 4 | 2 | | 1 | | 28 |
| 1995 | 1 | 8 | 3 | 2 | 4 | 3 | | 5 | 2 | | 1 | 2 | 31 |
| 1996 | 3 | 3 | 2 | 6 | 7 | 5 | 4 | 6 | 3 | 2 | 1 | 2 | 44 |
| 1997 | 2 | 3 | 4 | 4 | | 1 | 2 | 4 | 2 | | 2 | 3 | 27 |
| 1998 | 5 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 6 | 3 | | 4 | 1 | 33 |
| 1999 | 3 | 4 | 2 | 3 | 3 | 1 | 1 | 3 | 4 | 4 | 2 | 2 | 32 |
| 2000 | 1 | 2 | 1 | 1 | 3 | 2 | 4 | 5 | 1 | 3 | | 3 | 26 |
| 2001 | | 1 | 1 | 6 | 3 | | 1 | 6 | | 2 | | | 20 |
| 2002 | 1 | 3 | | 3 | 3 | | 1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 2 | 20 |
| 2003 | 2 | 3 | 3 | 6 | 4 | 2 | 2 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 31 |
| 2004 | 1 | 4 | 2 | 7 | 6 | 1 | 3 | 7 | 4 | 2 | | | 37 |
| 2005 | 1 | 1 | 3 | 5 | 5 | 2 | 3 | 6 | 3 | 1 | 1 | 2 | 33 |
| 2006 | 1 | 3 | 3 | 6 | 6 | 2 | 5 | 10 | 3 | 2 | 2 | 1 | 44 |
| 2007 | 1 | 3 | 4 | 8 | 8 | 2 | 2 | 11 | 3 | 1 | 2 | 1 | 46 |
| **Вкупно** | **48** | **67** | **82** | **93** | **133** | **70** | **48** | **88** | **37** | **19** | **29** | **21** | **737** |